# СТАТУТ

на

# Здружение за еднакви можности МРЕЖА СТЕЛА Скопје
## (пречистен текст)

Скопје, февруари 2020

Содржина


I. ОПШТИ ОДРЕДБИ.......... 3

II. СТАТУС.......... 4

III. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО.......... 4

IV. УСЛОВИ И НАЧИН НА ЗАЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО И ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО.......... 6

V. УПРАВУВАЊЕ И ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА.......... 7

VI. ПРЕТСТАВУВАЊЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО.......... 11

VII. СРЕДСТВА НА ЗДРУЖЕНИЕТО, НАЧИН НА СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ.......... 12

VIII. ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ЈАВНОСТА ЗА РАБОТАТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО.......... 12

IX. ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО СО РАБОТА И РАСПОЛАГАЊЕ НА НЕЈЗИНИОТ ИМОТ ВО СЛУЧАЈ НА ПРЕСТАНОК.......... 12

X. ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА СТАТУТОТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО.......... 13

XI ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ.......... 13

Согласно член 16 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на Република Македонија бр. 52/2010 и 135/2011), Собранието на основачите на Здружението на ден 18.02.2020 година го усвои следниов

# СТАТУТ
## На Здружението за еднакви можности МРЕЖА СТЕЛА Скопје

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Здружението за еднакви можности МРЕЖА СТЕЛА Скопје (во понатамошниот текст: Мрежа Стела ) е основано со заеднички договор помеѓу членовите на Здружението, на Основачкото собрание одржано на 13.08.2018 година во Скопје.

**Член 2**

Статутот, согласно Законот ги регулира:

- името и скратеното име на Здружението и главното претставништво на Здружението,
- формата и содржината на печатот,
- целите на Здружението,
- процедурата за примање и исклучување на членови,
- органите на Здружението, начинот на избор и надлежностите,
- правилата за имплементација, употреба и располагање со средствата на Здружението,
- транспаретноста на работата,
- правилата и процедурата за менување на Статутот, како и правилата и надлежностите за усвојување на внатрешни акти на Здружението,
- правилата за претставување на Здружението,
- правилата за разидување на Здружението,
- другите работи кои се од важност за Здружението.

**Член 3**

Здружението за еднакви можности Мрежа Стела Скопје е граѓанска организација која се залага да работи за придонес кон родова еднаквост во Република Македонија со подобрување на пристапот на девојките и жените до образование и можности за работа и напредок во кариерата, притоа обединувајќи ги жените од различни професионални, етнички, социоекономски и културни потекла.

**Член 4**

Називот на Здружението е Здружение за еднакви можности МРЕЖА СТЕЛА Скопје. Името на англиски јазик е STELLA NETWORK Skopje**.** Скратеното име е МРЕЖА СТЕЛА Скопје.

**Член 5**

Здружението е активно на територијата на Република Македонија, како и на регионално и меѓународно ниво.

## II. СТАТУС

**Член 6**

Здружението има својство на правно лице со права, должности и одговорности утврдени со овој Статут и Законот за здруженија и фондации.

**Член 7**

Седиштето на Здружението е на ул. Архиепископ Доситеј бр.39-16, 1000 Скопје.

**Член 8**

Мрежата Стела има знак. Изгледот, формата и големината на знакот се утврдуваат со одлука на Извршниот одбор и истото се запишува во Централниот регистар на Република Македонија. Знакот е ѕвезда во зелено и виолетова боја поделена со лице во амфас во бело придружена од името на Здружението.

**Член 9**

Здружението има печат и штембил.
Печатот на Здружението е во кружна форма.
Штембилот на Здружението е во форма на правоаголник.

## III. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 10**

Главни цели на Мрежа Стела се:

- Унапредување на родовата еднаквост во општеството;
- Поттикнување на активно вклучување на девојките и жените во високо образование и пазарот на труд;
- Зголемување на бројот на девојки и жени во високо образование и пазарот на труд;
- Пренесување на стекнати знаења и доживотно образование помеѓу девојките и жените;
- Промоција на општествена кохезија и намалување на сиромаштијата;
- Зајакнување на капацитетот на државните институции и локалната самоуправа во областа на родова еднаквост;

- Поддршка на претприемништвото и проекти за економски развој со посебен фокус кон девојките и жените;
- Прекугранична и регионална соработка;
- Промоција на меѓународна соработка и поддршка во областа на родовата еднаквост.

**Член 11**

Мрежата Стела ги има следните задачи:

- Создавање, управување и одржување на Мрежата за менторство на жените, со цел истите да се поврзат и да им помогнат на девојките и жените во Македонија да се зајакнат, да ги остварат своите цели и амбиции, како во делот на образованието така и во делот на пронаоѓањето на соодветна работа и градењето кариера,
- Иницирање дијалог на државно ниво за општествените и структурните предизвици кои општеството треба колективно да ги реши со цел поддржување на девојките и жените во нивните аспирации,
- Создавање платформа каде жените ќе имаат можност да ги истакнат постојните предизвици и ограничувања со кои се соочуваат во текот на нивното образовно и професионално оспособување во Македонија, за преку дебати да се развијат трајни решенија за справување со родовата нееднаквост во општеството.

**Член 12**

Главна дејност на Мрежата Стела е создавање, управување и одржување на Мрежата за менторство на жените како и да иницира дијалог на државно ниво преку состаноци. Мрежата Стела своите цели и задачи ги остварува преку унапредување на дејности од јавен интерес или укажување на одредени општествени предизвици, преку образување на јавноста, соработка со други слични здруженија и институции од локален, регионален и меѓународен карактер. Мрежата Стела врши и други дејности во согласност со овој Статут и други важечки закони.

**Член 13**

Целни групи на Мрежата Стела се главно девојките и жените, но исто така и сите граѓани, без разлика на нивната припадност и определеност, како и институциите.

**Член 14**

Основни принципи на работа на Здружението се одговорност, транспарентност и почитување на еднаквоста и рамноправноста.

## IV. УСЛОВИ И НАЧИН НА ЗАЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО И ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 15

Во Здружението може да членува секој кој ја исполнува законската норма за членување во организација, а кој ги прифаќа целите и задачите на Здружението. Член на Здружението за еднакви можности Мрежа Стела Скопје може да биде лице кое е државјанин на Република Македонија, како и странски државјанин.

Членството на Здружението за еднакви можности Мрежа Стела Скопје е слободно и доброволно.

### Член 16

Здружението може да има почесни членови кои имаат придонесено кон развојот на самото Здружение. Управниот одбор одлучува за критериумите по кои се добива статус почесно членство. Одборот одлучува за прием на почесни члена по препорака на Претседателот/ката или членовите на Здружението.

### Член 17

Членството во Здружението престанува по сопствено барање со поднесување на пишано барање или со исклучување поради непридржување кон одредбите на Статутот. За исклучување одлучува Управниот одбор.

### Член 18

Престанокот на членство стапува на сила на датумот на известување за одлуката или по примeното барање. Член кој има побарано исклучување од Здружението за еднакви можности Мрежа Стела Скопје не може да стане повторно член на здружението.

### Член 19

Во случај на исклучување поради непридржување кон одредбите на Статутот, Претседателот/ката и Управниот одбор се должни да подготват писмено објаснување за нивната одлука. Пред самото донесување на одлуката, членот треба да биде известен за истата со детално објаснување за причините за покренување на постапката.

Членот на Здружението има право во рок од 15 дена да одговори на предлог одлуката за исклучување од Здружението и да поднесе жалба за истата. Жалбата треба да биде поднесена во писмена форма до Управниот одбор во период од 15 дена од примање на одлуката за исклучување е должен да одговори на истата. Кога еден член е исклучен има право повторно да стане член на Здружението.

**Член 20**

Правата и обврските на членовите на Здружението се:

- Да раководат со работата на Здружението, да ги избираат органите и телата на Здружението и да вршат надзор врз нивната работа;
- Да покренуваат иницијативи и предлози за остварување на целите и задачите на Здружението;
- Да се придржуваат кон овој Статут и актите на органите и телата на Здружението;
- Да го чуваат и да придонесуваат кон растење на угледот на Здружението;
- Да вршат други работи кои се во согласност со Статутот на Здружението и важечките законски норми во Република Македонија.

**Член 21**

Одговорноста на членовите на Здружението се утврдува врз основа на превземените обврски и надлежности во согласност со овој Статут.

## V. УПРАВУВАЊЕ И ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА

**Член 22**

Органи на Здружението се:

- Собрание;
- Управен одбор

**СОБРАНИЕ**

**Член 23**

Собранието е највисок орган на одлучување во Здружението. Организацијата и работата на Собранието се уредува со Деловник за работа на Собранието и овој Статут.

**Член 24**

Собранието на Здружението го сочинуваат:

- Претседател/ка на Здружението;
- Потпретседател/ка на Здружението;
- Генерален/на секретар/ка на Здружението;
- Членови на Управниот одбор на Здружението;
- Други членови кои се одредуваат со посебна одлука на Собранието.

**Член 25**

Собранието работи на пленарни седници, најмалку еднаш во годината. Седниците на Собранието ги свикува Претседателот/ката или Управниот одбор на Здружението по сопствена иницијатива или по барање на орган на Здружението или 1/5 од вкупниот број на делегати во Собранието на Здружението.

**Член 26**

Собранието може полноважно да работи и одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број на делегати. Собранието донесува одлуки со мнозинство гласови од присутните делегати, доколку не е поинаку предвидено со овој Статут.

За работата на Собранието се води записник што го потпишуваат претседавачот на седницата и двајца заверувачи на записникот.

**Член 27**

Собранието на Здружението ги има следниве права, должности и одговорности:

- Донесува Статут и Програма на Здружението;
- Врши измени и дополнувања на Статутот и Програмата;
- Утврдува насоки за работата на Здружението;
- Донесува други акти утврдени со овој Статут;
- Ги усвојува периодичните и годишните извештаи за работа на органите и телата на Здружението;
- Ги донесува буџетот на Здружението и завршната сметка;
- Одлучува за промена на целта на здружувањето;
- Избира Претседател/ка на Здружението;
- Избира Потпретседател/ка на Здружението;
- Избира членови на Управниот одбор на Здружението;
- Формира работни тела на Здружението;
- Донесува Деловник за својата работа;
- Одлучува за промена на името на Здружението;
- Одлучува за престанок со работа на Здружението со 2/3 мнозинство;
- Одлучува за здружување или разделување од друго здружение и за зачленување во сојуз и меѓународни организации;
- Врши и други работи што произлегуваат од програмските определби или се утврдени со закон, со други прописи или овој Статут.

**Член 28**

Правата, должностите и одговорностите на Собранието во итни случаи ги врши Управниот одбор на Здружението, при што има обврска на првата наредна седница на Собранието да поднесе извештај за преземените активности.

## УПРАВЕН ОДБОР

### Член 29

Управниот одбор е извршен орган на Здружението, одговорен за имплементација на целите на Здружението дефинирани во овој Статут и со одлуките на Собранието. Управниот одбор брои пет члена, со мандат од четири години и право на реизбори.

### Член 30

Седниците на Управниот одбор ги свикува и со нив раководи Претседателот/ката на Здружението. Седниците на Управниот одбор се свикуваат по предлог на Претседателот/ката на Здружението или најмалку 1/3 од неговите членови.

### Член 31

Управниот одбор полноважно може да работи и одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број на членови.

Управниот одбор своите одлуки ги донесува со јавно гласање, со мнозинство од присутните членови, доколку со овој Статут не е предвидено поинаку.

За работата на Управниот одбор се води Записник кој се усвојува на наредната седница, а кој го потпишуваа Претседателот/ката.

### Член 32

Управниот одбор ги има следните права, должности и одговорности:

- Ги подготвува седниците на Собранието на Здружението;
- Го подготвува Нацртот на статутот и другите одлуки што треба да ги донесе Собранието;
- Му предлага ставови и заклучоци на Собранието;
- Ги гради и реализира ставовите на Здружението;
- Ги реализира ставовите и заклучоците на Собранието;
- Може да врши контрола врз нејзината работа;
- Управува и одговара за управувањето со имотот на Здружението;
- Подготвува годишен или периодичен извештај за својата работа;
- Донесува Деловник за својата работа;
- Именува потписници на жиросметката на Здружението;

- Извршува другите работи што ќе му ги довери Собранието на Здружението кои што произлегуваат од овој Статут.

**Член 33**

За својата работа Управниот одбор одговара пред Собранието на Здружението. Собранието на Здружението може да го отповика Управниот одбор или одделен негов член. Предлогот за отповикување на Управниот одбор или одделен негов член може да поднесе орган на Здружението или најмалку 1/3 од делегатите на Собранието на Здружението. Предлогот за отповикување мора да биде во писмена форма.

## ПРЕТСЕДАТЕЛ/КА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 34**

Здружението има Претседател/ка. Претседателот/ката на Здружението своите права и должности ги врши врз основа на овој Статут и актите на Собранието.

Во случај на привремена спреченост на Претседателот/ката на Здружението, него/неа го/ја заменува Потпретседателот/ката, а по овластување на Претседателот.

**Член 35**

Кандидат/ка за Претседател/ка на Здружението можат да предложат најмалку двајца членови на Собранието на Здружението. За избран/а се смета оној/онаа кандидат/ка кој/а добил/а мнозинство гласови од вкупниот број делегати на Собранието. Мандатот на Претседателот/ката на Здружението трае четири години, со право на реизбор.

**Член 36**

Претседателот/ката на Здружението ги има следните права, должности и одговорности:

- Свикува седници на Собранието и Управниот одбор;
- Ја спроведува политиката на Здружението;
- Го претставува и застапува Здружението;
- Го координира функционирањето на Здружението;
- Се грижи за спроведувањето на одлуките, заклучоците и другите акти на Здружението;
- Ги потпишува актите на Здружението;
- Предлага програма за развој на Здружението;
- Предлага начин и форми на финансирање на Здружението;
- Предлага кандидат(к)и за членови на Управниот одбор;
- Предлага кандидат(к)и за Потпретседател/ка на Здружението;
- Врши други работи што ќе му/ѝ ги довери Собранието, Управниот одбор или кои произлегуваат од Статутот.

**Член 37**

Функцијата Претседател/ка на Здружението престанува по сопствено барање или со разрешување од страна на Собранието на Здружението. За одговорноста на Претседателот/ката на Здружението одлучува Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број делегати, на предлог на најмалку 1/3 од вкупниот број делегати.

**ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ/КА НА ЗДРУЖЕНИЕТО**

**Член 38**

Собранието на Здружението со мнозинство гласови од вкупниот број на делегати може да избира Потпретседател/ка. Мандатот на Потпретседателот/ката трае четири години, со право на реизбор.

**Член 39**

Потпретседателот/ката врши работа од делокругот на Претседателот/ката што ќе му/ѝ ја довери тој/таа или друг орган на Здружението.

**Член 40**

Функцијата на Потпретседателот/ката му/ѝ престанува по сопствено барање или со разрешување од Собранието. Предлог за разрешување на Потпретседателот/ката може да поднесе орган на Здружението или најмалку 1/3 од вкупниот број делегати во Собранието на Здружението.

**КОНТРОЛА ВРЗ РАБОТАТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО**

**Член 41**

Контролата врз работата на Здружението ја вршат нејзините органи и членови на начин утврден со овој Статут. Контрола над законитостите на работењето на Здружението, во согласност со законите, вршат надлежните органи на Република Македонија.

## VI. ПРЕТСТАВУВАЊЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 42**

Здружението го претставува Претседателот/ката. По негово/нејзино овластување или во случај на спреченост, Здружението го претставува Потпретседателот/ката или член на Управниот одбор.

## VII. СРЕДСТВА НА ЗДРУЖЕНИЕТО, НАЧИН НА СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ

**Член 43**

За остварување на своите цели и задачи, Здружението стекнува средства, и со нив располага во согласност со овој Статут и Закон.

**Член 44**

Здружението стекнува парични средства, предмети и материјални добра што се обезбедуваат од:

- Донации;
- Прилози;
- Подароци;
- Заеми;
- Приходи.

**Член 45**

Стекнувањето, користењето и располагањето со средствата на Здружението се врши на начин утврден со општи прописи, со Законот и со овој Статут.

**Член 46**

Средствата на Здружението можат да се користат само за намени утврдени со финансискиот план и врз основа на соодветен документ. Наредбодавачот за извршување на финансискиот план, а во согласност со Законот, го утврдува Управниот одбор на Здружението.

## VIII. ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ЈАВНОСТА ЗА РАБОТАТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 47**

Работата на Мрежата Стела е јавна. Сите акти се објавуваат на соодветен начин.

## IX. ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО СО РАБОТА И РАСПОЛАГАЊЕ НА НЕЈЗИНИОТ ИМОТ ВО СЛУЧАЈ НА ПРЕСТАНОК

**Член 48**

Здружението може да престане со работа доколку:

- За тоа со 2/3 мнозинство одлучи Собранието на Здружението;
- Бројот на членови се намали под бројот определен со Законот;
- Настапи било која од причините утврдени со Закон за престанок со работа на Здружението.

Во случај на престанок со работа на Здружението, имотот и средствата ќе бидат донирани во хуманитарни цели.

## X. ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА СТАТУТОТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 49**

Иницијатива за измени и дополнувања на Статутот на Здружението може да поднесе секој орган или работно тело на Здружението.

**Член 50**

Иницијативата за измени и дополнувања на Статутот се поднесува во писмена форма до Собранието. Одлука за измени и дополнувања на Статутот се носи со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број делегати на Собранието на Здружението.

## XI ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 51**

Прашањата кои не се регулирани со овој Статут се регулираат со акти на Собранието.

**Член 52**

Толкување на одредбите на овој Статут дава Собранието, а помеѓу две седници на Собранието толкување дава Управниот одбор.

**Член 53**

Овој Статут стапува на сила на денот на донесувањето.

18.02.2020, Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ

---------------------

[illegible]ентиљ Абази

МРЕЖА-СТЕЛА

СКОПЈЕ